РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-641/11
03.06. 2022 Год.

Општина
КРУШЕВО

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Договорот за соработка за Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Крушево, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 06.06.2022 година се објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**до**

**евидентирани невработени лица за вклучување во**

**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект „Поддршка на заедницата и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Крушево" за работно ангажирање со скратено работно време од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување-Центар за вработување Крушево.

Евидентираните невранботени лица кои немаат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува ќе бидат вклучени во програмата при што 3 месеци ќе добијат задолжителна обука и 6 месеци работно ангажирање.

**Вкупниот период на влученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман**.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на задолжителната обука од 3 месеци за лицата кои не поседуваат соодветен сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати

вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува и за време на работниот ангажман од 6 (шест)месеци / 9(девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата .

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари бруто износ за времетраењето на обуката и работното ангажирање, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- **долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години);**
- **млади лица до 29 години;**
- **лица постари од 50 години;**
- **невработени лица на кои им престанал работниот однос во периодот на Корона вирусот COVID-19;**
- **лица корисници на гарантирана минимална помош;**
- **лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност;**
- **самохрани родители;**
- **родители на деца со пречки во развојот;**
- **родители на 3 и повеќе деца и**
- **жртви на семејно насилство.**

**Кандидатите треба да се активни баратели на работа.**

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на:

**Работно место 1: Неговател на стари и изнемоштени лица во домашни услови**

Работниот ангажман за негувателите на стари и изнемоштени лица во домашни услови ќе се одвива на територијата на општина Крушево, во домашни услови кај крајните корисници.

Ангажманот подразбира извршување на следниве работни задачи: да врши ресоцијализација на корисникот, да овозможи психолошка поддршка на корисникот и да ја поттикне комуникацијата, да овозможи социјална интеракција и вклученост во заедницата, да го поттикне чувството на сигурност и доверба кон заедницата, да извршува инструментални активности од секојдневниот живот и тоа – поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, набавка и достава на храна, намирници и лекови, земање медицинска терапија, надворешна мобилност преку организирање на прошетки, придружување на корисникот на манифестации и културно-спортски настани, болница, амбуланта, клуб, неформално образование и слично (да обезбеди поддршка на корисникот безбедно да стигне од дома до одредената институција/дестинација и обратно), користење телефон и помош во управување со буџет (во зависност од потребата на секој корисник поединечно), да подготвува дневник за евидентирање на дневните обврски и месечен извештај за спроведените активности и да врши други работи согласно стручната подготовка.

**Позиции за работно место 1:** 4 (четири)

**Потребни квалификации и занимања за Работно место 1:**

комуникативност, флексибилност, толерантност, психичка стабилност и одговорност.

**Стекнато образование:**

- ССС било кое четиригодишно средно образование
- ССС било кое тригодишно средно образование
- Основно образование
- медицинска сестра – средно образование
- физиотерапевт – средно или високо образование

**опционално:** стекнат сертификат/лиценца за негувател на стари и изнемоштени лица и возачка дозвола Б категорија

**Работно место 2: Неговател на лица со попречености во домашни услови**

Работниот ангажман за негувателите на лица со попречености во домашни услови ќе се одвива на територијата на општина Крушево, во домашни услови кај крајните корисници.

Ангажманот подразбира извршување на следниве работни задачи: да врши ресоцијализација на корисникот, да овозможи психолошка поддршка на корисникот и да ја поттикне комуникацијата, да овозможи социјална интеракција и вклученост во заедницата, да го поттикне чувството на сигурност и доверба кон заедницата, да помага при извршување на секојдневните активности – помош при исхрана и одржување на лична хигиена, набавка и достава на храна, намирници и лекови, земање на медицинска терапија,

надворешна мобилност преку организирање на прошетки, придружување на корисникот на манифестации и културно-спортски настани, болница, амбуланта, клуб, неформално образование и слично (да обезбеди поддршка на корисникот безбедно да стигне од дома до одредената институција/дестинација и обратно), да помага на корисникот во ориентација во просторот, да овозможи поддршка на корисникот како придружување, потпирање и водење како и користење на помагала, да подготвува дневник за евидентирање на дневните обврски и месечен извештај за спорведените активности и да врши други работи согласно стручната подготовка.

**Позиции за работно место 2:** 6 (шест)

**Потребни квалификации и занимања за Работно место 2:**

комуникативност, флексибилност, толерантност, психичка стабилност и одговорност.

**Стекнато образование:**

- ССС било кое четиригодишно средно образование
- ССС било кое тригодишно средно образование
- Основно образование
- медицинска сестра – средно образование
- физиотерапевт – средно или високо образование

**опционално:** стекнат сертификат/лиценца за негувател на лица со попречености и возачка дозвола Б категорија

**Работно место 3: Неговател за деца од претшколска возраст**

Работниот ангажман за негувателите на деца од прештколска возраст ќе се одвива во ЈОУДГ „Гоча Туфа" во Крушево.

Ангажманот подразбира извршување на следниве работни задачи: да овозможи социјална интеракција и психолошка поддршка на корисниците, да ја поттикне комуникацијата на корисниците, да ги пречекува, испраќа, згрижува и да помага при одржување на личната хигиена на корисниците, да соработува со стручните соработници од установата и родителите/ старателите/ згрижувачите околу испорачувањето на услугите, да помага во одржувањето на едукативни, креативни и спортски работилници за корисниците наменети за нивниот психо-физички развој и нивна полесна социјализација, да ги придружува корисниците на манифестации и културно-спортски настани кои се дел од активностите на установата каде се згрижуваат, да помага во утврдување на интересите и афинитетите на корисниците, да подготвува дневник за евидентирање на дневните обврски и месечен извештај за спорведените активности и да врши други работи согласно стручната подготовка.

**Позиции за работно место 3:** 2 (две)

**Потребни квалификации и занимања за Работно место 3:**

комуникативност, флексибилност, толерантност, психичка стабилност и одговорност.

**Стекнато образование:**

- ССС било кое четиригодишно средно образование
- ССС средно медицинско училиште
- високо образование и тоа: воспитувач од предшколска возраст, воспитувач, учител, наставник по одделенска настава, професор по одделенска настава, психолог, социолог, педагог, дефектолог, социјален работник, било кое високо образование со сертификат за психолошко-педагошка и методолошка доообразба.

**опционално:** важечка лиценца за негувател

**Работно место 4: Неговател на лица со попречености кои го посетуваат Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево**

Работниот ангажман за негувателот на лица со попречености кои го посетуваат Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево ќе се одвива во просториите на Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево .

Ангажманот подразбира извршување на следниве работни задачи: да овозможи социјална интеракција и психолошка поддршка на корисниците, да ја поттикне комуникацијата на корисниците, да ги пречекува, испраќа, згрижува, да помага при хранење и одржување на личната хигиена на корисниците, да пружа нега на корисниците, да соработува со стручните соработници од установата и родителите/старателите/згрижувачите околу испорачувањето на услугите, да помага во одржувањето на едукативни, креативни и спортски работилници за корисниците наменети за нивниот психо-физички развој и нивна полесна социјализација, да ги придружува корисниците на манифестации и културно-спортски настани кои се дел од активностите на установата каде се згрижуваат, да помага во утврдување на интересите и афинитетите на корисниците, да подготвува дневник за евидентирање на дневните обврски и месечен извештај за спорведените активности и да врши други работи согласно стручната подготовка.

**Позиции за работно место 4:** 1 (една)

**Потребни квалификации и занимања за Работно место 4:**

комуникативност, флексибилност, толерантност, психичка стабилност и одговорност.

**Стекнато образование:**

- ССС било кое четиригодишно средно образование
- ССС било кое тригодишно средно образование
- Основно образование
- медицинска сестра – средно образование

**опционално:** стекнат сертификат/лиценца за негувател или негувател на лица со попречености

**Работно место 5: Едукатор/аниматор на лица со попречености кои го посетуваат Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево**

Работниот ангажман за едукаторот/аниматорот на лица со попречености кои го посетуваат Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево ќе се одвива во просториите на Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево .

Ангажманот подразбира извршување на следниве работни задачи: да овозможи социјална интеракција и психолошка поддршка на корисниците, да ја поттикне комуникацијата на корисниците, да овозможи социјална интеракција и вклученост во заедницата, да го поттикне чувството на сигурност и доверба кон заедницата, да помага во одржувањето на едукативни, креативни и спортски работилници за корисниците наменети за нивниот психо-физички развој и нивна полесна социјализација, да ги придружува корисниците на манифестации и културно-спортски настани кои се дел од активностите на установата каде се згрижуваат, да соработува со стручните соработници од установата и родителите/старателите/згрижувачите околу испорачувањето на услугите, да помага во утврдување на интересите и афинитетите на корисниците, да подготвува дневник за евидентирање на дневните обврски и месечен извештај за спроведените активности и да врши други работи согласно стручната подготовка.

**Позиции за работно место 5:** 1 (една)

**Потребни квалификации и занимања за Работно место 5:**

комуникативност, флексибилност, толерантност, психичка стабилност и одговорност.

**Стекнато образование:**

- високо образование и тоа: психолог, социолог, педагог, дефектолог, социјален работник, воспитувач од предшколска возраст, воспитувач, учител, наставник по одделенска настава, професор по одделенска настава, било кое високо образование со сертификат за психолошко-педагошка и методолошка дообразба.

**опционално:** стекнат сертификат/лиценца за работа со лица со попречености

Заинтресираните невработени лица, Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување-Центар за вработување Крушево во периодот од 06.06.2022 година до 15.06.2022 година, од 08:00 до15:30 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Крушево и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Крушево кај лицето Елена Илиеска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“ и лицето Еленица Љума, Агенција за вработување-Центар за вработување Крушево кај лицето Наташа Ѓорѓиоска Анчов, Центар за социјлна работа Крушево кај лицето Василика Чавкароска.

**ОПШТИНА КРУШЕВО**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**м-р ТОМЕ ХРИСТОСКИ**